Врз основа на член 41 од Статутот на Македонска берза АД Скопје и врз основа на член 42, став 5 од Правилата за тргување на Македонска берза АД Скопје, Одборот на директори на Берзата на својата 17 седница одржана на 23.12.2013 година донесе

# ОДЛУКА
## за измени и дополнувања на Одлуката бр.02-180/1 од 12.02.2010 година за критериумите за распоредување на хартиите од вредност во еден од двата режими на тргување и соодветниот метод за класификација

1. Во Одлуката бр.02-180/1 од 12.02.2010 година за критериумите за распоредување на хартиите од вредност во еден од двата режими на тргување и соодветниот метод за класификација на Македонска берза АД Скопје (во понатамошниот текст: Одлука за критериумите за распоредување), во точка 2, алинеја 1, бројот „0,33" се заменува со бројот „0,25".

2. Во Одлуката за критериумите за распоредување, во точка 2, алинеја 4, бројот „10.000.000" се заменува со бројот „3.000.000".

3. Првото утврдувањето на распоредите на хартиите од вредност по режим на тргување и распоредот на групи во аукциско тргување согласно измените во критериумите од оваа Одлука ќе се изврши на 30-ти Декември 2013 година, при што се земаат предвид износите во претходните 6 месеци од датумот на утврдувањето, додека датумот на имплементација на распоредите на хартиите од вредност по режим на тргување и распоредот на групи во аукциско тргување е 15.01.2014 година.

4. Одлуката да се достави до Комисијата за хартии од вредност, до членките на Берзата и за истата да се информира јавноста.

5. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување, а се применува од првото следно утврдување на распоредите на хартиите од вредност по режим на тргување.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Одлуката за критериумите за распоредување на хартиите од вредност во еден од двата режими на тргување и соодветниот метод за класификација се

базира на историски податоци од тргувањето (во изминатото шестмесечие) врз основа на кои се утврдува кои хартии од вредност ќе се тргуваат во режим на континуирано тргување, а кои во режим на аукциско тргување.

Имајќи го предвид намалениот обем на тргување на Берзата во текот на 2013 година, во режим на континуирано тргување се тргуваат сé помал број на хартии од вредност, а тргнувајќи од моменталните состојби на пазарот, односно динамиката и актуелните обеми на тргување, тој број дополнително би се намалил при следната редовна ревизија на распоредите на хартиите од вредност по режими на тргување.

Од страна на Групацијата за работење со хартии од вредност при Стопанската комора на Република Македонија, во текот на 2013 година до Берзата беше доставена „Иницијатива за унапредување на пазарот на хартии од вредност во Република Македонија”. После добивањето на Иницијативата, Берзата организираше состанок со директорите на сите членки на Берзата, на кој тема беа предлозите од Иницијативата, а се разговараше и за други можни предлози за измени во областа која ја регулираат Правилата за тргување на Берзата, односно системот и постапката на тргувањето со хартиите од вредност. Едно од барањата на одржаниот состанок беше да се разгледа можноста за редефинирање на вредностите на критериумите за распоредување на хартиите од вредност во режим на континуирано тргување, во правец на нивна помала рестриктивност, со цел раздвижување на пазарните состојби кај релативно неликвидните хартии од вредност.

На состаноците на “Постојаната работна група за развој на Правилата за тргување и системот за тргување на Македонска берза” беше детално дискутирано во врска со критериумите за распоредување на хартиите од вредност по режими на тргување, при што, врз основа на анализите направени од страна на стручните служби на Берзата, членовите на работната група донесоа заеднички заклучоци и решенија, кои се имплементираат со оваа Одлука.

Оттука, со оглед на тоа што дополнителното намалување на вредностите на дел од критериумите за распоред на хартиите од вредност во одделните режими би влијаело на зголемување на бројот на хартии од вредност кои се тргуваат во режим на континуирано тргување во моменталниот пазарен амбиент, што би можело да има директни импликации врз динамиката на тргувањето и зголемување на ликвидноста на пазарот, Одборот на директори одлучи да ги намали критериумите за број на трансакции во претходниот период на 0,25 (најмалку една трансакција во период од 4 дена) и на вкупната вредност на нововнесените налози од најмалку 3.000.000 денари во период од последните 6 месеци.

Воедно, Одборот на директори одлучи првата примена на оваа одлука да се изврши со состојба 30.12.2013 година, а да се имплементира од 15.01.2014 година, односно оваа Одлука да почне со примена пред редовниот термин за ревизија на 01.03.2014 година.

Врз основа на горенаведеното, Одборот на директори на Македонска берза АД Скопје одлучи како во диспозитивот.

**Одбор на директори**

**Претседавач**

**Проф. д-р Јане Миљовски**